POLICY REPORT

# Наредна фаза – Македонија и ЕУ Фондовите – Насоки за Граѓанските Организации и Очекувања за во Иднина



**Содржина**


... Скратеници

... Вовед

... 1. Достапни ЕУ фондови за Македонија

1.1 Фондови наменети за ГО

... 2. Ставовите на ТАКСО – Техничка Поддршка на Граѓанските Организации во Македонија.

... 3. Профил на ГО што добиле ЕУ средства 2007-2009

... 4. Ставовите на Секретаријатот за Европски Прашања во однос на искористувањето на ИПА фондовите и ГО

... 5. Актуелни проблеми со кои Македонија се соочува во подготовката и аплицирањето за ЕУ фондови

... 6. Препораки за ефективно користење на можностите за добивање на средства од ЕУ фондовите

... Извори

**Скратеници**

**ГО – граѓанска/и организација/и**

**ЕИДХР – Инструмент за демократија и човекови права**

**ЕК – Европска Комисија**

**ЕУ – Европска Унија**

**ИПА – Инструмент за претпристапна помош**

**СЕП – Секретаријат за Европски Прашања**

**ТАКСО – Техничка Поддршка на Граѓанските Организации**

**Вовед**

Во 2009, Аналитика го објави извештајот "Заостанувањето на Македонија во ефикасното искористување на ЕУ фондовите (ИПА, Рамковните Програми) – Анализа на Аналитика" (*Macedonia's lagging behind in efficient usage of EU funds (IPA, Framework Programmes)*. Таа година државата се уште се запознаваше со процедурите и лавиринтите од правила што доаѓаат во пакет со парите од ЕУ. Заклучокот во извештајот беше дека "...оттука произлегува чувството дека споредено со Хрватска и Турција, Македонија е послаба т.е. заостанува во ефикасното користење на ИПА. Слабиот инстиутиционален капацитет, недоволното искуство на приватниот сектор со вакви фондови и немањето соодветни обуки за нив, се само некои од факторите кои што влијаат на ваквата ситуација со ЕУ фондовите во Македонија.."[1]

Може да се констатира дека неколку важни настани се случија откако ИПА се воспостави во 2007 годината. Иако интеграцијата на Македонија во Унијата е моментално заглавена поради спорот со името и ветото на Грција околу Евроатлантските интеграции на државата, фондовите за изградба на капацитетите на државата, економијата и општеството продолжуваат да течат. Процесот на реформи е процес кој не запира и колку што е земјата поподготвена за процесот на преговори толку тие ќе се одвиваат побезболно тогаш кога ќе започнат. Поради тоа, земјата мора да се стреми кон целосно искористување на достапните ЕУ фондови кои освен за институциите на државата се намененти и за приватниот и граѓанскиот сектор.

Овој изештај ќе се обиде да одговори на прашањата кои се појавија од периодот на објавувањето на претходниот извештај за состојбата со ЕУ фондовите во Македонија па до денес. Главните точки се движат околу улогата која граѓанските организации (ГО) ја имаат во користењето и во мониторирањето на искористувањето на ЕУ/ИПА фондовите. Ова се појави како жешка тема во последниот период поради намалувањето на расположливоста на други фондови во граѓанската сфера на делување и поради слабата искористеност на ЕУ фондовите во поглемиот случај кај ГО низ земјата.

За таа цел овој извештај најпрво ќе даде кусо објаснување за моменталната состојба со ИПА/ЕУ фондовите намененти за ГО во Македонија, потоа ќе се обиде да даде одговор на прашањата за можните алтернативи за ГО кои би можеле да ги искористат за да си ги зголемат шансите за добивање на средства. Следствено на тоа, на крајот, овој изештај ќе претстави неколку важни препораки за ГО но и за самите државни институции кога станува збор за зголемување на ефикасното користење на ИПА фондовите, но и на останатите ЕУ фондови.

---

[1] Ристеска Соња, Заостанувањето на Македонија во ефикасното искористување на ЕУ фондовите (ИПА, РамковнитеПрограми) – Анализа на Аналитика" http://analyticamk.org/files/ReportNo34_MK.pdf, стр. 9.

## 1. Достапни ЕУ фондови за Македонија.

Започнувајќи со официјалните податоци, последниот Извештај за напредокот на Македонија го констатира следново во врска со користењето на ЕУ/ИПА фондодовите во земјата:

Повеќегодишниот документ за индикативно планирање за 2011-13 година обезбедува вкупен придонес од 305 милиони евра и донесува пристап базиран на сектор. Освен тоа, земјата продолжува да има корист од разни регионални и хоризонтални програми. Преку-граничната соработка исто така се користи за унапредување на градењето капацитети и дијалогот меѓу локалните и регионалните власти од соседните земји, имено Бугарија, Грција, Албанија и Косово. Од 2007 година, Комисијата додели износ од над 288 милиони евра за спроведување на проектите во земјата, вклучително и 92 милиони евра во 2010 година. Портфолиото со финансиска помош од ЕУ со кое управува Делегацијата на ЕУ во Скопје изнесува 115 милиони евра. До јуни 2011, 85% од овој вкупен износ беа вклучени во договори, а повеќе од 60% беа исплатени...Граѓанското општество доби голема финансиска поддршка од ЕУ во рамки на ИПА за помош на граѓанското општество и националните програми, како и преку Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права. Целта за помош опфаќа поголема вклученост на граѓанското општество во донесување одлуки и зголемување на капацитетот на независни организации на граѓанското општество. Националните програми кои се спроведуваат во моментот обезбедуваат значајна поддршка за подобрување на развојот и одржливоста на организациите на граѓанското општество и за натамошно градење на капацитетите на владиното одделение за соработка со НВО. Според ДИС граѓанското општество може да почне со вклучување во следењето на целокупното спроведување на помошта од ЕУ.[2]

Она што фали во овој извештај е точната сума која граѓанското општество ја добива на годишно ниво за проекти од страна на ЕУ (тука се разбира влегуваат и проектите од останатите ЕУ програми не само од ИПА), како и начинот на кој тие средства се распределени по граѓанскиот сектор низ земјата (кои региони доминираат, кои региони заостануваат во искористувањето на средствата од ЕУ, колку се повторуваат организациите кои добиле фондови итн). Делегацијата на ЕУ во Скопје не одговори на барањата за средба т.е. интервју при подготвувањето на овој извештај. Она што беше достапно како информација на интернет, беа листите со организации кои добиле фондови во три претходни години (2007/2009) преку ЕИДХР и ИПА шемите на финансирање.

Овој извештај детално ќе ги разгледа тие информации подолу во текстот. Во наредното поглавје, ќе се продискутира за можностите кои се нудат преку ЕУ финасирањето на ГО во

[2] Европска Комисија, Извештај за напредокот на Република Македонија, Брисел 12.10.2011, страни 3 и 4.
http://www.sea.gov.mk/content/Dokumenti/MK/PR_2011_mk.pdf

земјата, можности кои потпаѓаат под Дијалогот за Граѓанско Општество или **Civil Society Dialogue (CSD)**[3]**.**

<u>1.1 Фондови наменети за ГО.</u>[4]

Под Дијалогот за Граѓанско Општество постојат две компоненти под кои организации од Македонија можат да аплицираат со своите проектни идеи.

I. Една од тие е Капацитети на Граѓанското Општество ЦСФ или Civil Society Facility (CSF) која што ги содржи следниве програми:

- ИПА Мулти-корисничка

Накратко оваа програма е комплементарна на националната ИПА програма, и се фокусира на соработка помеѓу повеќе земји при што им дава можност на ГО да научат од меѓусебните искуства. Програмата...се состои од 3 полиња на активности: поддршка на локални граѓански иницијативи и градење на капацитетите, зајакнување на улогата на граѓанското општество во земјите кандидатки и потенцијални кандидатки; Програмата Луѓе за Луѓе помага при посетите на институциите на ЕУ за разменување на искуства, знаење и добри практики помеѓу земјите кориснички и ГО во земјите од ЕУ; Партнерска Програма што се реализира помеѓу организации од земјите кориснички и земјите од ЕУ што води кон трансфер на знаење и креирање или зацврснување на мрежи на соработка.[5]

- Програмата Луѓе за Луѓе (People2People (P2P))

Како што беше погоре споменато, програмата Луѓе за Луѓе поддржува студиски посети на ГО од Македонија во институциите на ЕУ, во разни други организации, тинк-тенкови и слично, се со цел да се стекне одредено знаење и искуство а овозможено со финансиска поддршка од ЕУ. Оваа програма доста им помага на ГО од земјите како Македонија во поглед на нивната промоција надвор и остварувањето на соработка, што доколку се остави да се направи од страна на самите организации можеби и никогаш нема да се случи поради лимитираните средства со кои располагаат организациите. Процедурата за аплицирање во оваа програма е:

Кандидатот/ка од организацијата кој/а сака да аплицира треба да испрати Кратка Биографија и мотивационо писмо на следнава адреса: delegation-fyrmacedonia-P2P@eeas.europa.eu

---

[3]ЦСД претставува алатка креирана од страна на ЕК со цел да се вклучи и да помогне во зголемувањето и развојот на граѓанското општество во земјите кандидатки за членство во ЕУ.
[4] Овие фондови се наменети и за останатите земји не само за Македонија (кандидати и потенцијални кандидати за членство).
[5]ИПА Мулти-корисничка програма http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/civil_society_dialogue/csf/ipa_mp/index_en.htm, последна посета на 11.11.2011.

Целата процедура е на англиски јазик. Писмото треба да биде во формат на додаток на мејлот и треба да ги содржи следниве работи:

1. Во предмет: насловот на настанот каде што сака да присуствува;
2. Информации за контакт вклучувајќи ги и името на ГО, името на кадидатот/ка, позиција во организацијата, мејл, телефон, факс и поштенска адреса;
3. Кратки информации за позицијата на кандидатот/ка и неговите/нејзините акитвности во ГО;
4. Краток опис на важноста на работата на ГО и поврзаноста со темата на настанот за кој се аплицира;
5. Очекувањата /можната додадена вредност за кандидатот/ка и за оранизацијата што ја претставува.[6]

ТАКСО Проектот во Македонија, исто така помага на оние организации кои сакаат да остварат ваков вид на студиска посета при што организира разни настани каде што организации кои веќе учествувале на ваков вид на посети ги споделуваат своите искуства со останатите и каде што можат да се добијат подетални информации за програмата и постапката за аплицирање. Контакт лице во ТАКСО Македонија е: Валентина Атанасовска [valentina.atanasovska@tacso.org].

- ИПА Национална Програма

Како последен во овој список е делот од ИПА националната програма наменет за граѓанските организации. Оваа програма е дел од Капацитетите на Граѓанското Општество и е плод на Комисијата за целите на Западен Балкан што се фокусира на креирање услови што ќе поттикнат понатамошен раст и развој на граѓанските организации...Во февруари 2011 година првата генерација на четиринаесет ИПА грантовски договори беа потпишани со различни граѓански организации. Слични повици за предлози за граѓанското општество со тренд на зголемување на финансиската помош ќе следат во периодот што доаѓа под националните ИПА програми (2010, 2011 итн.). Грантовите се повеќегодишни и освен на страницата на Делегацијата (http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/index_en.htm), повиците можат да се најдат на страницата на одделението за соработка со невладиниот сектор при Генералниот Секретаријат (www.nvosorabotka.gov.mk), кое под Децентрализираниот Систем на Имплементација или Decentralized Implementation Systems (DIS) е одговорно за повиците за проекти, за следење на нивната имплементација како и за мониторинг системот.

II. Дргугата компонента од Дијалогот за Граѓанско Општество е таканаречениот ЕИДХР или Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права. Оваа програма е присутна во земјата уште пред да се воспостави ИПА во 2007.[7] Поентата на оваа програма е дека:

---

[6] Програма ЛуѓезаЛуѓе http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/civil_society_dialogue/csf/p2p/index_en.htm последна посета на 11.11.2011.

*"Европската Унија преку Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права (ЕИДХР) ги поддржува поборниците за човекови права против репресијата и арбитрерната употреба на моќ со што цели кон промовирање и поддршка на човековите права и демократијата низ целиот свет. Исто така една од целите е и зацврснување на нивните активности во евидентирањето на прекршоците како и поддршка на Специјалните Процедури на Обединетите Нации.„*[8]

Легалната основа за оваа иницијатива врз основа на Финансиските Перспективи за 2007-2013 е Регулативата (ЕК) Бр. 1889/2006, со што се воспостави самостоен финансиски инструмент за промоција на човековите права и демократијата ширум светот. Посебните крајни цели се идентификувани во согласност со ЕИДХР Стратегијата за 2007-2010, достапна на интернет (англиски) на следнава веб адреса: http://ec.europa.eu/europeaid/where/worldwide/eidhr/documents/eidhr-strategy-paper-2007.en.pdf. Сите повици за доставување предлог проекти што потпаѓаат под ЕИДХР исто така се објавуваат и на веб страницата на ЕУ Делегацијата во Македонија: http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/funding_opportunities/grants/index_en.htm

**2. Ставовите на ТАКСО – Техничка Поддршка на Граѓанските Организации во Македонија.**[9]

ТАКСО е доста интересен проект – тој претставува техничка поддршка за ГО во Западниот Балкан (ЗБ) и Турција со цел да ги зајакне капацитетите на ГО и нивната улога во претставничката демократија. Помеѓу останатите цели на проектот, тој исто така се залага за зајакнување на капацитетите на ГО и за искористување на ЕУ фондовите (фокусот не е само на ИПА). Што се прави за исполнување на таа цел – информативни средби и состаноци, дистрибуирање на повиците за аплицирање, тренинзи и курсеви за подготвување на апликации плус вмрежување помеѓу организациите во регионот. ТАКСО исто така има и доста екстензива дата база на организации за Македонија и за регионот.[10]

**Кое е нивното искуство со македонските ГО и искористеноста од нивна страна на ЕУ фондовите:**

Минатата година ТАКСО имаше различен број на активности поврзани со ЕУ финансирањето

[7]Формиран е во 2006.

[8] Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/civil_society_dialogue/eihrd/index_en.htm

[9] Интервју со Сунчица Саздовска ТАКСО Проект Македонија одржано на 19 октомври 2011. Овие ставови не се официјалните ставови на ТАКСО Проектот и на СИПУ Интернационал и не ја рефлектираат ЕУ позицијата. Веб-страна: http://www.tacso.org/Default.aspx?langTag=mk-MK&template_id=69&pageIndex=1

[10] Профилот на Аналитика во дата базата на ТАКСО: http://www.tacso.org/cso-db-res/reg/CSODetailData.aspx?PROFILE_ID=%20215

на ГО, вклучувајќи и две обуки специјално наменети за ИПА фондовите – што на крајот испаднаа повеќе како информативни средби за разгледување на опциите за ЕУ финансирање на проекти од граѓанскиот сектор и за пишување на проекти. Генералниот заклучок би бил дека македонските организации се уште не доволно ги познаваат за ним достапните фондови .

Друг воочен проблем се информациите за тоа кои фондови се достапни за ГО во Македонија. Тие не се консолидирани на едно место – затоа е важно да се биде дел од дата базата на податоци што ја прави ТАКСО. Тие редовно известуваат (мејл) за сите повици за проекти (кога се отвораат).

Понатаму како проблем се појавува и недоволното познавање на англискиот јазик што ги спречува голем број од ГО во Македонија да аплицираат за ЕУ фондови. Заклучокот е дека ни фалат и најосновните капацитети за да можеме да аплицираме – познавање на јазик, познавање на проектен менаџмент и проектно аплицирање, итн. Кон овој проблем придонесува и се уште слабата национална и регионална соработка помеѓу ГО.

**Зошто се случува ова?** Малите буџети на поголемиот број од организациите (1600 евра во просек на годишно ниво) силно влијае на тоа колку ќе бидат успешни организациите во поднесувањето на апликации за ЕУ фондови. Најчесто границата за аплицирање поставена од ЕУ е превисока за македонските ГО и малите организации имаат сериозни проблеми да покажат дека имаат адекватен финансиски менаџмент кој ќе може да ги менаџира големите ЕУ проекти. Поради малите буџети организациите имаат лимитирани опции да вработат високо квалитетен персонал што води до ниско ниво на познавање на англискиот јазик и мало искуство во аплицирање што понатаму води до ниско ниво на поднесени апликации.

**Што ќе прави ТАКСО во наредниот период со цел да помогне во искоренувањето на причините за нискиот степен на проектни предлози?** ТАКСО ја започна втората фаза од своите активности. Овој пат поголем акцент ќе се стави на вмрежувањето на ГО во Македонија. Идејата е да се поврзат помалите организации од целата земја со поголемите организации кои добиваат фондови од ЕУ за трансфер на знаење, обучување на луѓето кои работат во помалите организации и соработка т.е. заедничко аплицирање на ЕУ проекти помеѓу овие организации во иднина. Идејата е да помалите организации испратат свој кадар за пракса/обука кај поголемите и поискусните организации и сето ова ќе биде потпомагнато од ТАКСО.

Г-а Саздовска исто така коментираше и за искористеноста на ИПА фондовите од страна на македонските ГО велејќи дека се уште е рано да се процени успехот на ова поле. Што се однесува до ЕИДХР на пример, оваа програма може да се смета за доста успешна. Според неа треба да се воведе поголема свест за Програмата Капацитети на Граѓанското Општество или на англиски Civil Society Facility of the EU како и за нејзините компоненти: ИПА Мулти-корисничката програма, Програмата Луѓе за Луѓе, ТАКСО и Партнерските Акции т.е. Partnership Actions PA (пример како сме рангирани во ПА Програмата: до сега има само 2 водечки проектни предлози од македонски ГО во последните 3 повици за проекти, што е

далеку од задоволувачко.

### 3. Профил на ГО што добиле ЕУ средства 2007-2009.

Во овој дел од извештајот ќе се илустрира како во период од две години македонските ГО од целата земја се покажаа кога станува збор за добиавање фондови од две Европски Програми: ИПА (Преку-гранична соработка и Граѓанско општество) и ЕИДХР.

Под ЕИХР од 2007 до 2009 и под ИПА 2007-2009, 45 граѓански организации добиле фоднови за нивните проекти. Точниот број на примени апликации не е познат. Од тие 45 организации, четири добиле грантови година за година. На пример Центарот за Истражување и Креирање на Политики Скопје (ЦРПМ) има добиено проекти под ЕИДХР 2007 и 2008. Понатаму, Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка (МЦМС) има добиено фондови од ЕИДХР 2008 и 2009, како и Полио Плус кој има добиено средства од ЕИДХР 2007 и ИПА Компонента I 2008. Од истите шеми за поддршка како и Полио Плус, Асоцијацијата на Граѓани РЕАКТОР има добиено средства во 2008 и 2009.

Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка исто така има добиено проект и под ИПА 2007 Компонентата II – Преку-гранична соработка Македонија и Албанија (МК/АЛ) со што е една од најуспешните организации во Македонија кога станува збор за добивање фондови од ЕУ.[11]

Друга успешна организација која во периодот 2007-2009 година добила 3 проекти е Центарот за Граѓанска Иницијатива, ГО од Прилеп. Тие имаат добиено фодови од ИПА 2007 Компонента II, - Преку-гранична соработка (МК/АЛ), од ЕИДХР 2008 и од ИПА 2008 Компонента I, под областа Граѓанско општество.

Освен веќе споменатите граѓански организации други кои добиле повеќе од еден грант во горespоменатиот период се: Пелагонија Регионална Агенција за Развој ПРЕДА Фондација (ЕИДХР 2007, ИПА Преку-гранична 2007 МК/АЛ); Агенција за Локален Развој од Струга (ЕИДХР 2007, ИПА Преку-гранична 2007 МК/АЛ); Центарот за подобрување на квалитетот на животот на лицата со посебни потреби и нивните семејства Асоцијација Порака Нова (ИПА Преку-гранична 2007, МК/АЛ); Коалицијата за фер судење (ЕИДХР и ИПА 2008); и Женското Лоби и Акција против насилството и трговијата со жени Отворена Порта (ЕИДХР 2008 и ИПА 2008 ).

Бидејќи постојат строги критериуми за тоа кој може да ги добие овие фондови и од личното искуство со работата на некои од горенаведените организации, авторот на овој извештај не

[11] Ова се однесува само на ИПА и ЕИДХР фондовите наменети за Македонија. Авторот не навлага во останатите начини на финансирање на организацијата бидејќи целта не е да се анализираат организациите поединечно туку да се види кој е трендот на распределба на средствата од фондовите на одредените ЕУ програми и инструменти.

тврди дека постои скриена агенда позади повторувањето на дел од организациите во добивањето на овие фондови. Но, постојат одредени проблеми кои придонесуваат кон тоа да од огромниот број на регистрирани организации (11.326 во 2010)[12] само 45 добиле фондови од ИПА и ЕИДХР во периодот 2007-2009 и 10 од тие се повторуваат низ годнините.

Бидејќи нема податоци достапни јавно за тоа колку ИПА грантови се доделени во 2009, и ЕИДХР и ИПА грантови во 2010 и 2011, овој извештај не може да коментира за тоа дали бројот на организации кои добиле средства се зголемил или намалил и колку од тие што добиле продолжиле да се повторуваат низ годините.

Друга причина зошто бројот на организации кои аплицираат/добиваат фондови наменети за граѓанското општество е мал може да се пронајде и во објективите или темите за грантови кои Македонија заедно со Унијата ги утврдуваат за секоја година:

| **ЕИДХР**[13] | **ИПА**[14] |
|---|---|
| За сегашната 2010/1 Базирана врз Земја Шема на Поддршка, овие Насоки за Апликанти ги пропишуваат правилата за овој Повик за Предлози во линија со Целта 2.<br><br>Врз основа на склопот од приоритети за овозможување на граѓанските организации во земјата можност за опсежно долгорочно планирање за тригодишен период за ЕИДХР ЦВСС портфолиото (2009-2011), овој Повик исто така ги предвидува следниве мерки под трите тематски приоритети: | Грант Договори 1,5 милиони евра ќе бидат лансирани за време на 2011 година за да се зацврсне капацитетот на граѓанскиот сектор преку грант проекти за следниве теми: |
| 1- Следење на заедничките агенди за човекови права, демократски реформи, слобода на изразувањето и независни медиуми базирани на заедничка соработка помеѓу граѓанските организации и градење на коалиции помеѓу различните заедници за зголемување на инклузивноста и плурализмот особено во контекст на Охридскиот Рамковен Договор. | Борба против корупција и организиран криминал (вклучувајќи и борба против трговијата со луѓе и борба против нелегални субстанци). |

[12] Македонски Центар за Меѓународна Соработка "ЦИВИКУС - Индекс на граѓанското општество за Македонија ДОЛГ ПАТ ДО ПОГОЛЕМ ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН РЕЗИМЕ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ПОЛИТИКИ ЗА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО Март 2011.
[13] Европски Инструмент за Демократија и Човекови Права (ЕИДХР) 2010:
Зајакнување на Улогата на Граѓанското Општество во Промовирањето на Граѓанските Права и Демкоратските Реформи. Насоки за Грант Апликантите.
[14] Техничка Поддршка за Граѓанските Организации, Проценка на Потребите Македонија Финален Извештај, Скопје септември 2011 год.. стр 8.

| | |
|---|---|
| 2 – Зголемување на политичката репрезентативност и пратиципација на граѓанското општество во развојот и имплементацијата на јавните политики, на различните нивоа во процесот на донесување на одлуки, вклучувајќи го и градењето на коалиции за лобирање и застапување по повод легислативните реформи преку партиципативен дијалог со политичкото општество, со посебен фокус на институциите на локално ниво. | Зацврснување на менацирањето со ГО и вмрежувањето, вклучувајќи ја и имплементацијата на заеднички комунални активности и социјални услуги, мобилизирање на ресурси и на волонтерска работа, институционална соработка ГО/Влада. |
| 3 –Промоција на недискриминирачка, социјална инклузија и социјални права, вклучувајќи ги и правата на малцинствата, особено на Ромите со експлицитен акцент на правата на жените и децата и правата на луѓето со инвалидитет. | Заштита на човековите права, со фокус на ранливите групи, жртви на семејно насилство, мобилизација на општините за заштита од ХИВ/СИДА/СПБ помеѓу оние изложени на најголем ризик вклучувајќи ги и активностите во склоп на Декадата на Ромите 2005 – 2015. |

Некои од објективите од ЕИДХР за 2010/2011 се скоро идентични со оние од ИПА 2009 (наменети за контрактирање во 2011). Може да се полемизира дека повторувањето на темите за финансирање (заштита на човековите права, заштита на малцинства, демократизација, соработка влада-ГО) остава мал простор за поголем спектар на организации да можат да аплицираат за ЕУ фондови. Ваквиот начин на определување на приоритетите ги принудува организациите што можеби имаат различни интереси и области на работа да ги променат со цел да бидат квалификувани за овие фондови, со што многу области на истражување и активизам се оставени на маргините.

**4. Ставовите на Секретаријатот за Европски Прашања во однос на искористувањето на ИПА фондовите и ГО.**[15]

Секретаријатот се соочува со многу негативни коментари во однос на ИПА фондовите во Македонија и повеќето од нив се дека Македонија не ги искористува парите.

Според регулативата (за поставување и имплементација на ИПА) одредени се посебни правила за почеток на користење на фодовите. Правилата Н+2+2 и Н+3+2 значат дека парите за ИПА 2007 не се наменети да се користат во 2007 година. По усвојувањето на посебната ИПА година од ИПА Комитетот во Брисел, Владата на Македонија е обврзана да го потпише Финансискиот Договор со Европската Комисија (ЕК). Од таа дата следува период од 2 до 3 години во кој се објавуваат тендерите врз основа на ПРАГ Правилата (PRAG rules[16]) и се потпишуваат договорите. Од моментот кога ќе се потпишат договорите остануваат 2 години за имплементација на проектите. Проценката е дека парите од Финансиската Рамка 2007-2013 ќе се користат до 2017/2018 година.

За ИПА Компонента I (најмногу корисна за ГО), Финансиските Договори за 2007,2008 и 2009 година се потпишани, за 2010 се очекува да бидат потпишани до крајот на 2011, а за 2011 во првата половина на 2012 и 2012-2013 се веќе во фаза на програмирање. Програмирањето за 2012-2013 година според новиот Повеќегодишнен Индикативен Документ за Планирање 2011-2013 ќе биде секторско.

СЕП и Одделението за соработка со невладин сектор имаат воспоставено редовен консултативен процес со ГО во Македонија во врска со програмирањето на фондовите, повиците за проекти и се друго што е проврзано со ЕУ фондовите. Во Скопје на пример, има редовни консултативни средби во ЕУ Инфо Центарот при ЕУ Мисијата. Оваа е 2 година по ред откако се започнати овие средби и комуникацијата е многу подобрена помеѓу институциите и ГО кои сакаат да аплицираат за овие фондови.

**Како е менаџирана ИПА 2009:**

- Компонента I – децентрализирано;
- Компонента II – процедурата за добивање зелено светло за децентрализиран менаџмент се уште трае;
- Компонента III, IV и V – децентрализирно.

---

[15] Интервју со Невенка Стаменковска Виш Програмски Службеник Одделение за Стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ, Секретаријат за Европски Прашања. 28.10.2011.
[16] Практичен Водич за процедури за контрактирање за ЕУ надворешни односи http://ec.europa.eu/europeaid/work/procedures/implementation/practical_guide/index_en.htm

**Што може да се направи да им се помогне на ГО да го зголемат бројот на поднесени апликации?** – Правилата се поставени од Брисел и тие се скоро исти за сите ИПА корисници – одредени буџетски и конфинансирачки предуслови се потребни. Државните институции се соочуваат со истите проблеми како и ГО во однос на правилата. *Но сепак тие соработуваат на многу повисоко ниво кога станува збор за искористувањето на ИПА фондовите за разлика од ГО.* Како за пример СЕП во моментов има 3 проекти во кои партнери му се различни министерства – со тоа им се олеснува работата во врска со ко-финансирањето. Меѓусебната соработка е клучна за добивање на ЕУ фондовите!

**Како знаат што треба да се финансира во земјата?**

Процесот на идентификација на потребите е долг – кога станува збор за Компонента I, СЕП започнува со процесот на идентификација на пропустите/дупките со скрининг на Националната Програма за усвојување на *acquis*-то (НПАА), и стратегискиот план на Владата, како и Извештаите за напредокот на земјата, Партнерството за Пристапување, Стратегијата за Проширување и другите стратешки документи. Потоа започнува консултативниот процес со потенцијалните крајни корисници. Наредна фаза е консултативниот процес со ГО и донаторската заедница во Макдонија. На патот на усвојувањето на крајната програмска година СЕП интензивно соработува и со Делегацијата на Европската Унија во Скопје.

Промени во веќе усвоените проекти се можни. Ова е причината зошто понекогаш проектните фишеа се поопшти – тие и треба да бидат бидејќи додека се објават тендерите/повиците за проекти може да помине повеќе време. Подесување на активностите за да одговараат на моменталната ситуација на теренот се можни во повеќе фази (во Условите за Однесување т.е.Terms of Reference (ToR) или во почетокот на проектот со Почетниот Извештај) но ова е исто така утврдено со ПРАГ правилата.

**Постојат многу критики особено насочени кон Одделението зо соработка со невладиниот сектор во однос на неговите капацитети. Што може тука да се направи освен се разбира обуките за зајакнување на соработката со ГО?**

Доколку постои потреба, Одделението може да прерасне во Сектор со повеќе овластувања и стабилни човечки ресурси. Освен тоа, службениците кои работат таму, работат на подобрување на капацитетите на Оддлението и добиваат обуки со неколку ИПА проекти.

**Пример за успешен тренинг проект наменет за ГО и другите видови на организации?**

Постои еден проект кој моментално го работи СЕП – *<u>Техничка Помош за ИПА Центарот за Обуки и Поддршка финансиран од Европската Унија (Technical Assistance for the IPA Training and Support Facility funded by the European Union</u>*) спроведува 35 обуки за државните службеници (12 беа спроведени во времето на завршувањето на овој извештај), 35 обуки за единиците на локалната самоуправа и за регионалните канцеларии на државните органи (12 беа спроведени во времето на завршувањето на овој извештај). Приватниот и граѓанскиот сектор исто така можат да се земат активно учество во оние обуки наменети за

единиците на локалната самоуправа. За поголема транспарентност на овој проект, има создадено Фејсбук страна каде се објавуваат сите сегашни и идни обуки. Ова е доста добра алатка што треба да се користи повеќе во иднина за промовирање на вакви видови на обуки и за поголема соработка помеѓу институциите и ГО.

**5. Актуелни проблеми со кои Македонија се соочува во подготовката и аплицирањето за ЕУ фондови.**

-Постои проблем со административниот капацитет на Одделението за соработка со невладиниот сектор при Генералниот Секретаријат на Владата. Една од причините за тое е самата систематизација на јавната администрација. Многу од државните службеници не сакаат да превземат дополнителни работни обврски кои произлегуваат од работата со ЕУ фондовите. Понатаму, оваа екстра работа не се наплаќа дополнително што уште повеќе ги обесхрабрува службениците во Македонија да не превземаат дополнителни обврски во однос на менаџирањето на ЕУ фондовите (тренинзи, изготвување на апликации, итн.);

-Според Лидија Димова од Македонскиот Центар за Европско Образование[17] Македониија нема стратешка рамка за користење на ЕУ фондовите – не постои национална програма која би ги адресирала тие прашања;

-Долго-присутна слаба соработка помеѓу самите граѓански организации;

-Организациите не се доволно посветени на своите односи со членовите, граѓаните и другите чинители. Странските донатори остануваат најголем извор на финансирање за граѓанските организации во Македонија. Ова води до формирање односи на нагорна отчетност, пред сè со странските донатори, наместо внатрешни односи со членовите, надолни врски со граѓаните, или дури и хоризонтални врски со други чинители.„[18]

-Слаб трансфер на знаење помеѓу поуспешните организации и оние кои никогаш не аплицирале или добиле проект финансиран од ЕУ;

-Преовладува чувство дека ние (ГО) сме соперници кои се борат меѓу себе за ограничени ресурси, а не соработници кои работат на исти тематики и проблеми;

- ГО се согласуваат дека им недостасува потребното ниво на знаење и искуство за: изработка на проектни апликации, особено за ЕУ фондовите; знаење за одредени поспецифични области вклучувајќи ги и: (анти) дискриминацијата, инвалидитетот, пристапувањето кон ЕУ), политичкиот дијалог, застапувањето и лобирањето; истражувачки и аналитички знаења

---

[17] Димова Лидија, Конференција "Националните парламенти во процесот на ЕУ интеграциите„ 26 октомври 2011.
[18] ЦИВИКУС - Индекс на граѓанското општество за Македонија ДОЛГ ПАТ ДО ПОГОЛЕМ ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН РЕЗИМЕ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ПОЛИТИКИ ЗА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО.

и вештини (тинк-тенк вештини); финансиски менаџмент и знаење како и разбирање за даночните регулативи кои се важни за ГО...Исто така област каде што ГО особено имаат недстаток на знаење и искуство се јавните односи;[19]

-Само неколку организации имаат платен персонал т.е. персонал кој прима редовна месечна плата со придонеси. Според ЦИВИКУС Извештајот ова може да допринесе да на долг рок има сериозен недостаток на квалитетен кадар во граѓанското општество. Исто така, во однос на овој проблем се надоврзува и проблемот со тоа што волонтирањето како такво не може да се земе како алтернатива особено со фактот што и тоа е на многу ниско ниво;

-Најголемиот проблем е сепак недостатокот од доволно средства за да можат организациите да работат нормално од ден за ден. Според ТАКСО Извештајот повеќето од асоцијациите и фондациите (85%) имаат годишен буџет од 100.000 денари (околу 1.600 евра) (Централен Регистар, 2011) што доведува до заклучок дека поголемиот број од ГО има и дејствува со многу лимитирани фондови;[20]

-Ова го објаснува фактот зошто некои од поголемите организации се повторуваат во добивањето фондови од ЕУ. Според истиот извештај поголемите, професионални ГО уживаат релативно високо ниво на финансиска стабилност што се должи на нивната способност да добијат фондови од различни меѓународни донатори. Нивниот висок капацитет, технички и финансиски, ги става во привилегирана положба во однос на зголемувањето на достапните ЕУ фондови. Мала организација и слаби технички знаења и вештини го исклучува мнозинството од ГО во Македонија од натпреварувањето за добивање ЕУ фондови.[21]

## 6. Препораки за ефективно користење на можностите за добивање на средства од ЕУ фондовите.

Овој извештај се фокусираше на презентирање и оценување на состојбата со ИПА и другите видови на ЕУ финансирања во Македонија од 2009 година до денес, со тоа што фокусот беше ставен на граѓанскиот сектор и неговата улога во тоа. Целта на овој документ е да ги презентира наодите и да понуди препораки и решенија за решавање на некои од прашањата покренати тука.

[19] ТАКСО Проценка на Потребите Македонија Финален Извештај, стр. 22.
[20] Ибид.,стр. 26.
[21] Ибид., стр. 26.

**За државните институции кои се одговорни за раководењето со ЕУ фондовите на национално ниво:**

- **Да се продолжи со понатамошното градење на капацитетите на Одделението за соработка со невладиниот сектор што е главна алка помеѓу државните институции и ГО;**
- **Да се зголемат овластувањата на Одделението и да се реструктуира во Сектор со што би се здобило со поголеми надлежности како и капитални и човечки ресурси за справување со Сизифовата задача т.е. соработка со граѓанскиот сектор во РМ;**
- **Да се продолжи и да се подобрат редовните состаноци и средби со ГО кога станува збор за програмирањето на средствата од ЕУ;**
- **Да се закажат инфо денови низ целата земја штом ќе започне да се користи секторското планирање за да можат ГО со време да се воведат во процедурите;**
- **Да се започне со изработување драфт верзија на стратешката рамка за користење на ЕУ фондовите;**
- **Кога ќе се подготвуваат проектните фишеа да се обрне внимание на повеќе сектори и области кои имаат потреба од финансирање надвор од демократизавијата и заштитата на човековите права.**

**За граѓанските организации:**

- **Да се зголеми соработката помеѓу самото граѓанско општество особено коа станува збор за заедничко аплицирање на проекти;**
- **Да се создадат мрежи на соработка за споделување на знаењето и за заедничко аплицирање на проекти;**
- **Да се надминат сопствените тесни интереси и да се започне со подлабока соработка бидејќи фондовите се лимитирани но има доволно за повеќето;**
- **Да се вработуваат кадри на подолг рок во самите организации кои можат да бидат понатаму обучувани и едуцирани. Со тоа тие ќе можат да допринесат кон развитокот на организацијата и нејзиното одржливо финансирање;**
- **Да се обрне поголемо внимание на праксите и волонтирањето. Да се активираат студентските тела и да им се дадат мотиви за нивно вклучување во граѓанскиот сектор;**
- **Да се продолжи со притисокот и лобирањето во државните институции за**

**отворање на повеќе фондови и за поголема поддршка кон развојот на независен и професионален граѓански сектор;**

- **Да се интензивира лобирањето во државните институции за вклучување на повеќе области и теми при изработка на проектните фишеа кои би биле предмет на финансирање од државни или ЕУ фондови.**

**Извори**

Димова Лидија, Конференција "Националните парламенти во процесот на ЕУ интеграциите" 26 октомври 2011

Европска Комисија, Извештај за напредокот на Република Македонија, Брисел 12.10.2011, http://www.sea.gov.mk/content/Dokumenti/MK/PR_2011_mk.pdf

Европски Инструмент за Демократија и Човекови Права (ЕИДХР) 2010:
Зајакнување на Улогата на Граѓанското Општество во Промовирањето на Граѓанските Права и Демкоратските Реформи. Насоки за Грант Апликантите

Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права
http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/civil_society_dialogue/eihrd/index_en.htm

Интервју со Невенка Стаменковска Виш Програмски Службеник Одделение за Стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ, Секретаријат за Европски Прашања. 28.10.2011

Интервју со Сунчица Саздовска ТАКСО Проект Македонија одржано на 19 октомври 2011. Веб-страна: http://www.tacso.org/Default.aspx?langTag=mk-MK&template_id=69&pageIndex=1

ИПА Мулти-корисничка програма
http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/civil_society_dialogue/csf/ipa_mp/index_en.htm

Македонски Центар за Меѓународна Соработка ЦИВИКУС - Индекс на граѓанското општество за Македонија ДОЛГ ПАТ ДО ПОГОЛЕМ ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН РЕЗИМЕ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ПОЛИТИКИ ЗА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, март 2011

Практичен Водич за процедури за контрактирање за ЕУ надворешни односи http://ec.europa.eu/europeaid/work/procedures/implementation/practical_guide/index_en.htm

Програма ЛуѓезаЛуѓе
http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/civil_society_dialogue/csf/p2p/index_en.htm

Ристеска Соња, Заостанувањето на Македонија во ефикасното искористување на ЕУ фондовите (ИПА, РамковнитеПрограми) – Анализа на Аналитика,, http://analyticamk.org/files/ReportNo34_MK.pdf

Техничка Поддршка за Граѓанските Организации, Проценка на Потребите Македонија Финален Извештај, Скопје септември 2011

Останати извори:

http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/documents/projects/contract_list_en.pdf

www.nvosorabotka.gov.mk

www.sep.gov.mk

http://www.tacso.org/Default.aspx?langTag=mk-MK&template_id=69&pageIndex=1

POLICY
REPORT

# EU Approximation and Integration Advocacy Programme

## Наредна фаза – Македонија и ЕУ Фондовите – Насоки за Граѓанските Организации и Очекувања за во Иднина

Соња Зубер, *Истражувачки и Менаџмент Координатор*
*sristeska@analyticamk.org*

**Contact**

**Address:**
*Dame Gruev*
*No: 7-8/3*
*1000 Skopje, Macedonia*

**Tel:** *00389 (0)2 3121 948*
**Fax:** *00389 (0)2 3121 948*

**E-mail:** *info@analyticamk.org*